Посветеноста и одржувањето на највисоки стандарди на професионализам, постојаната потрага по иновативни решенија и прифаќањето на нови можности со цел постигнување на најдобри резултати, повеќе од 4 децении го издигнуваат **Градежен Институт МАКЕДОНИЈА АД Скопје** како лидер меѓу градежните компании во обезбедување специфични услуги во градежништвото.

Доколку сакате да бидете дел од успешниот тим на Градежен Институт МАКЕДОНИЈА АД Скопје, каде ќе можете да ја остварите Вашата визија, креативност, да го примените своето знаење и да изградите успешна кариера, аплицирајте на следниот

# О Г Л А С
## ЗА РАБОТНИ МЕСТА

1 **(еден) извршител Референт за техничка подготовка во Сектор продажба / Оддел за техничка подготовка** со следниве,

➢ **Неопходни компетенции**

- високо образование ВСП (Технички науки или Општествени науки со 240 или 300 ЕКТС),
- со работно искуство од најмалку 2 (две) години,
- одлично познавање на англиски јазик, познавањето на други јазици ќе се смета за предност,
- работа со компјутери и задолжително познавање на MS Office (Word, Excel, Power point, Access), и Internet,
- поседување возачка дозвола Б категорија
- одлично познавање на Законот за јавни набавки и другата законска регулатива поврзана со извршување на редовните работни задачи

Работниот однос се заснова на определено време во траење од 6 (шест) месеци, со можност за продолжување.

➢ **Одговорности**

- Учествува во подготовка на целосна и точна тендерска документација самостојно и во соработка со надлежните организациони единици, следејќи пазарни конкурентски цени и применувајќи калкулации за да изготви детална проценка на трошоците со цел да ги минимизира вкупните трошоци, да ја максимизира профитабилноста на секоја понуда и да обезбеди успешност во добивањето на работата;
- Секојдневно следење на отворени јавни покани и повици за тендери во земјата и во странство;
- Учествува во превземање на тендерска документација од потенцијални инвеститори;
- Воспоставува комуникација со инвеститорите и обезбедува размена на информации неопходни за потполно разјаснување на спецификациите и другите барања на инвеститорот;
- Врши оценка на усогласеност на предлог понудата со барањата на тендерот и целите на друштвото;
- Одговорен е за постојано следење на јавните набавки (тендерите) од ЕСЈН и други веб страни во земјата и странство;
- Учествува во водење на електронска аукција;

- Врши анализа и дава мислења на одредбите од договорите доставени од договорниот орган во тендерската документација;
- Учествува во подготвување на трошоци, цени, попусти и други бенефиции за потребите на секој тендер во согласност со политиките на Компанијата со цел да обезбеди атрактивни и прифатливи понуди;
- Врши оценка на комерцијалните и техничките ризици на секоја понуда за Компанијата;
- Зема учество во организирани тендерски настани (пр: јавно отворање на понуди; оценка на технички капацитет, оценка на финансии, состаноци за појаснувања; итн.) и други постапки при јавни набавки во согласност со пропишани правила од страна на надлежни институции, органи и важечката законска регулатива;
- Учествува во изработка на анализи и врши истражување за тендери во земјата и странство;
- Соработува и контактира со Бирото за јавни набавки, бара мислења и толкувања на одредбите од Законот за јавни набавки.

## Конкурентска предност за работната позиција

- Желба за работа во средина со високи барања
- Одлични аналитички, комуникациски и организаторски способности, и способност за работа со различни тимови
- Динамичност, ефективност и ефикасност
- Флексибилност и адаптибилност
- Посветеност, мотивираност, иницијативност
- Развиена способност за одржување на високо ниво на квалитет во работењето
- Самоиницијативност и подготвеност за учење
- Решавање на проблеми

## Ние нудиме

- Можност да сте дел од голема регионална компанија со утврден имиџ во градежништвото
- Стабилност и можност за развивање
- Учество во меѓународни проекти
- Градење на успешна кариера
- Можност за надградба на професионален план
- Одлични услови за работа – атрактивна и динамична работа
- Професионална обука според личните потенцијали и потребите на компанијата
- Мотивирачки месечен надоместок и пакет бенефиции.

Дневното работно време на работникот е од 8 часот до 16 часот.

Неделното работно време изнесува 40 работни часа (од понеделник до петок).

Потребните документи – мотивационо писмо, CV, диплома, овластувања, потврди и др. да се доставaт во Архивата на ГИ Македонија АД, ул.Дрезденска бр.52 Скопје или преку електронска пошта на hr@gim.mk

Телефон за контакт 02/3091-945

Огласот трае 15 (петнаесет) дена од неговото објавување.

Изборот на кандидатите ќе биде извршен согласно член 23 од Законот за работни односи.

Само кандидатите кои ќе достават комплетна документација и кои ги исполнуваат бараните услови наведени во огласот ќе бидат вклучени во процесот на селекција.

| Известување за приватност на кандидатите за вработување | |
|---|---|
| **Опис на процесот на обработка на лични податоци** | Селекција на кандидати за вработување во ГИ МАКЕДОНИЈА АД Скопје |
| **Правен основ** | Закон за заштита на личи податоци РСМ бр.42 од 16.02.2020 |
| **Контролор** | Градежен Институт МАКЕДОНИЈА АД Скопје (посетете ја нашата web страна www.gim.com.mk) |
| **Кои лични податоци ги обработуваме и кој има пристап до нив** | Вршиме обработка на личните податоци кои ги имате наведено во Вашата лична биографија<br>Пристап до Вашите лични податоци имаат вработените и менаџерите одговорни за спроведување на процесот за избор на кандидати и Генералниот директор |
| **Од каде ги добиваме Вашите податоци** | Преку Вашата апликација на vrabotuvanje.com.mk или hr@gim.mk |
| **Зошто ги обработуваме Вашите податоци** | Вашите лични податоци ги обработуваме за да избереме соодветен кандидат за отворената работна позиција |
| **Колку време ги чуваме вашите лични биографии** | Во период од 12 (дванаесет) месеци од денот на завршување на огласот |
| **Право на жалба за начинот на обработка на Вашите лични податоци** | Доколку имате забелешка во однос на обработката на Вашите лични податоци можете да го конрактирате нашиот офицер за заштита на лични податоци на e-mail адресата oficer.zlp@gim.com.mk |